**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТВ СЦЕНАРИО НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука 2502-64/4 од 21.12.2015 година донесена на 6. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија, одржана на 21.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област *ТВ сценарио* на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави д-р Деан Дамјановски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Деан Дамјановски** е роден на 17.6.1978 во Скопје. Основно образование и природно-математичка гимназија (гимназија „Јосип Броз Тито“) завршува во Битола со просечен успех 5,00.

Во периодот 1996-2001 студира на Театарскиот факултет на Новиот бугарски универзитет во Софија на Катедрата по актерство и режија. Студиите ги завршува со просечен успех 9,86 и се стекнува со звање **дипломиран драмски уметник, насока актерство и режија**.

Од 2001 до 2003 г. ги следи постдипломските студии на истиот факултет. Во 2006 година магистрира со тезата „*Гротеската како метод за изградување на театарски форми*“ и претставата „Нора“ од Ибзен, со среден успех од студиите 9,67 и оценка на магистерскиот труд 9,50. Се стекнува со звање **магистер по театарска режија**.

Во септември 2013 година, на Факултетот за драмски уметности во Скопје успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов „*Драмата во театарот и драмата во телевизијата - од реалистичен театар до ТВ серија*“ и се стекнува со научен степен **доктор на драмски уметности**.

Во периодот 2001 - 2003 г. и 2009/2010 г. работи како помлад асистент на Катедрата по актерство и режија на Театарскиот факултет при Новиот бугарски универзитет, на задолжителниот предмет *Технологија на формирањето* кај доц. Зарко Узунов.

Во текот на студирањето, но и потоа, учествува на повеќе работилници и семинари од областа на режијата и актерството во земјава и во странство, како што се Работилницата за развој на сценарија за детски ТВ програми “Prix Jeunesse Macedonia”, 2015 г. и семинарот за Меѓународен продукциски менаџмент и културна соработка во рамките на Amsterdam-Maastricht Summer University, 2004 г.

Водел неколку работилници за актери, танчари и соло-пејачи кои се однесуваат на изведувачкото однесување на сцената од кои ја издвојуваме соработката со Катедрата по драматургија со ментор доц. д-р Сашко Насев при Факултетот за драмски уметности во Скопје и *мастер класот* со студенти по соло пеење при Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Автор е на драматизации и адаптации на класични дела наменети за сцена. Исто така, автор е на неколку текстови кои се однесуваат на современите драмски и изведувачки практики.

Од 2003 г. активно работи најмногу во театар. Режисер е на околу 30 театарски претстави и различни проекти од областа на изведувачките уметности во земјава и надвор од неа.

Тој е еден од авторите на сценариото и режисер на документарно-играниот филм „Кабадаја“, кој освен во земјава беше претставен и на Меѓународниот фестивал „Balkan Black Box” во Берлин.

Со своите претстави, како и со филмот, учествувал на повеќе фестивали и разни настани во земјава, како и во Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија, Албанија, Италија, Германија, Шведска, САД.

Два пати е добитник на награда за Најдобра сценска адаптација на фестивалот „Војдан Чернодрински“ во Прилеп и тоа во 2012 г. за сценската адаптација „Приказната за Шехерезада и Шахријар“, работена според приказните од „1001 ноќ“ во продукција на Турскиот театар во Скопје и во 2015 г. за драмата „Приказни од шестиот кат“, според раскази на Драги Михајловски, а во продукција на Театар „ Џинот“ во Велес.

Членува во жирија и организации од областа на уметноста, како што е жирито на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ во Велес и Меѓународниот фестивал за современ танц „**iDans“** во Истанбул.

Во периодот 2012 – 2014 г. работи како хонорарен соработник во Македонската Радио Телевизија. Од декември 2014 година е вработен како режисер во Театарот „Џинот“ во Велес.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Кандидатот д-р Деан Дамјановски има:

1. Степен доктор на науки од соодветната научна област – драмска уметност со дисертација на тема „Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичен театар до ТВ серија“ одбранета на Факултетот за драмски уметности во Скопје во септември 2013 година.
2. Дипломира драмска уметност – насока Актерство и режија на Новиот бугарски универзитет во Софија во 2001 година со просечен успех од студиите 9.86 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија) и оценка од дипломската работа 10.00. На истата институција магистрира театарска режија во 2006 година со просечен успех од студиите 9.67 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија) и 9.50 од магистерската теза „Гротескатa како метод за образување на театарски форми“.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија, меѓународни научни публикации или релевантни уметнички дела (режисерски остварувања).
4. Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област.

| Бр. | Автор | Наслов на делото | Вид на делото | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Деан Дамјановски | „Приказната за Шехерезада и Шахријар“ | Драма | 2011 |
| 2 | Деан Дамјановски | „Приказни од шестиот кат“ | Драма | 2014 |
| 3 | Деан Дамјановски и Филип Јовановски | „Кабадаја“ | Сценарио | 2005 |
| 4 | Деан Дамјановски | „Грдото пајче“ | Драма | 2012 |
| 5 | Деан Дамјановски | „Приказни по телефон“ | Драма | 2015 |
| 6 | Деан Дамјановски | „Хамлет за почетници“ | Сценарио за театарски перформанс | 2005 |

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот до Конкурсот, д-р Деан Дамјановски ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:

1. „**Кабадаја**", сценарио за документарно-игран филм; независна продукција финансирана од страна на Министерството за култура на Македонија, 2005 г.
2. „**Приказни од шестиот кат**" – драма работена според раскази од Драги Михајловски; продукција на Театар „Цинот" - Велес; прогласена за Најдобра сценска адаптација на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински" - Прилеп, 2014 г.
3. „**Грдото пајче**" – драма работена според истоимената приказна на Х. К. Андерсен; продукција на Театар за деца и младинци - Скопје, 2012 г.
4. „**Приказни по телефон**" – драма работена според раскази на Џани Радари; продукција НУЦК „Ацо Шопов", Штип, 2015 г.
5. „**Приказна за Шехерезада и Шахријар**", драма работена според приказните од „1001 ноќ"; продукција на Турски театар - Скопје, сезона 2011 г.
6. Сценска адаптација по „**Дон Жуан**" на Молиер и сценариото на „**Седмиот печат**" на Бергман; продукција на Театар „Цинот" - Велес, сезона 2006 г.
7. **„Хамлет за почетници"** – драматизација од текстови по/врз „Хамлет" на Шекспир; продукција на Народен театар - Битола, сезона 2005 г.
8. Корежија на документарно-играниот филм „**Кабадаја**", независна продукција финансирана од страна на Министерството за култура на Македонија, 4.2005 г.
9. Режија на драмската претстава „**Грев или шприцер**" од Сашко Насев; продукција Драмски театар - Скопје, 10.2011 г.
10. Режија на драмската претстава „**Г-ца Јулија"** од А. Стриндберг; продукција на МКЦ, Скопје, 10.2010 г.
11. Режија на драмската претстава „**Огнено лице**" од Мариус Фон Мајенбург; продукција на НУЦК „Антон Панов", Струмица, 2.2009 г.
12. Режија на драмската претстава „**Цинот-Учителот**" драматизација на Братислав Димитров по текстови од/за Цинот; продукција НУЦК „Ј.Х.К. Цинот", Велес, 10. 2008 г.
13. Режија на драмската претстава „**Облачна исповед или како Киро**..." од Томислав Османли, во изведба на Драган Спасов-Дац, а во продукција на Националната институција Драмски театар, Скопје, 4.2008 г.
14. Режија на драмската претстава „**Жив чоек (Everyman)**" од Горан Стефановски; продукција на Национална установа Драмски театар, Скопје, 11.2004 г.
15. Режија на драмската претстава „**Во самотијата на памучните полиња**" од Бернар-Мари Колтес, продукција НУЦК Народен театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот", Велес, 4.2003 г.

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Д-р Деан Дамјановски има доставено пет труда од областа на драмата и нејзината интерпретација во различните медиуми:

1. Докторска дисертација „**Драмата во театарот и драмата во телевизијата – од реалистичниот театар до ТВ серија**", одбранета во септември 2013 година на Факултетот за драмски уметности - Скопје.
2. Магистерски труд „**Гротеската како метод за образување на театарски форми**" одбранет во јуни 2006 година на Нов бугарски универзитет во Софија (нострифицирана во јануари 2009 година од страна на Министерството за образование на РМ).
3. „**Драмска уметност**" - учебник за реформираното гимназиско образование (еден од авторите заедно со Ј. Лужина, В. Милчин, А. Стојаноска, С. Здравковска- Џепаровска, С. Киранџиска), Скопје, 2004 г.
4. **My "physical" history of theatre** – лекција за точките на контакт помеѓу театарот и современиот танц во рамките на проектот „НОМАД танцова академија", Скопје, 2010 г.
5. **Сè што сте сакале да знаете за Фасбиндер, а сте се срамеле да ја прашате Петра**

**Фон Кант** – текст за списание за уметност **СУМ,** бр. 54-55 од 2007 година посветен на творештвото на Рајнер Вернер Фасбиндер.

***Награди и признанија***
2015 - Награда за **најдобра сценска адаптација** на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп за претставата „Приказни од шестиот кат“, работена според раскази од Драги Михајловски, во продукција на Театар „Цинот“ - Велес.
2012 - Награда за **најдобра сценска адаптација** на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп за претставата „Приказната за Шехерезада и Шахријар“, работена според приказни од „1001 ноќ“, во продукција на Турскиот театар во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање доцент за наставно-научната област област ТВ сценарио.

Кандидатот д-р Деан Дамјановски, преку остварените досегашни активности во областа на филмската и театарската уметност, се покажа како успешен и признат режисер и сценарист, а за извонредните резултати показател се и неколкуте награди на државно ниво. Неговиот интерес во конкретната област на телевизијата, филмот и драмата се огледува и во неговата докторска дисертација која се занимава токму со односот помеѓу овие неколку области.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот д-р Деан Дамјаноски за избор во насловно звање доцент за наставно-научната област област ТВ сценарио на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Антонио Митриќески, вработен на Факултетот за драмски уметности, УКИМ - Скопје, претседател, с.р.**
**Т А Б Е Л А**
**Вон. проф. м-р Ангеле Михајловски, вработен на Филмската академија при УГД - Штип, член, с.р.**
**Вон. проф. м-р Загорка Поп-Антоска, вработена на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ESRA во Скопје, член, с.р.**

**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба, режисерско остварување | 15x3=45 | |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 2x5=10 | |
| 22 | Студиски престој во странство | 1x8=8 | |
| | ВКУПНО | 75 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| | | во земјава |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2 |
| | ВКУПНО | 2 |

Вкупно поени од НИСУ + САОР = 77 поени